**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27.02.2015 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1556 | 1 | |


Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Направи сам", и тоа:

   - изданието бр.6 на магазинот „Направи сам" од февруари 2015 година

3. **Датум на извршување на надзорот:** 27 февруари 2015 година

4. **Предмет на надзорот:**

   Надзорот се врши со цел да се констатира дали издавачот на печатен медиум, Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, ја исполнува обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, според кој *„издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум; име на одговорното лице на издавачот на медиум; име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум"*.

5. **Претходно изречена мерка:** нема

6. **Констатации од надзорот:**

   Со редовниот надзор е констатирано дека Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, издавач на магазинот „Направи сам", во изданието бр.6 од февруари 2015 година само делумно ја исполнил обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми, односно не ги објавил податоците за:

- адресата на уредништвото на издавачот на медиум и
- датумот на печатење или препечатување

7. **Опис на прекршувањето:**

Со надзорот врз Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје е утврдено дека издавачот на печатен медиум **не ја исполнил во целост** обврската од член 12 став 1 од Законот за медиуми.

8. **Предлог мерка:**

Имајќи во предвид дека Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје во текот на 2015 година не е опомент за прекршувањето на член 12 став 1 од Законот за медиуми ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 и 13/14), согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ("Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се дава следната предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Друштвото за услуги МЕДИА ПРИНТ МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за стратешко планирање и авторски права***